**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр. 11-294**
**23.06.2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, бр.11-2855/1 од 21.06.2017 година и Овластувањето бр. 03-2673/1 од 01.06.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси спротивно на членот 141 од истиот Закон, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, заради тоа што реемитувало програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), што е казниво по член 148 став 1 точка 25 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.11-2855/1 од 21.06.2017 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмските сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по Решението односно продолжи со вршење на повредата за која е опоменет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 21.06.2017 година, изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, при што констатираше дека е сторена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.11-2855/1 од 21.06.2017 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.11-2855/1 од 21.06.2017 година и Овластувањето бр. 03-2673/1 од 01.06.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-2855/1 од 21.06.2017 година.

Доставено до:
- Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија;
- Управителот на Друштвото за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија;
- Помошник раководител на Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.